Друштво за интелектуални услуги
ЕСИ СОЛУШН ДООЕЛ
Бр. 0307-296
29.07.2022 год.
СКОПЈЕ

КРАТОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КРАТОВО
Бр.: 05-1009/10
28.07 2022 год.
КРАТОВО

# ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА УСЛУГИ ОД АВТОРСКА АГЕНЦИЈА

Склучен на ден 28.07.2022 годинапомеѓу:

**1. Општина Кратово** со седиште на Плоштад „Павел Шатев" бр.1, 1360 Кратово**,** ЕМБС 5995400, ЕДБ 4014005103423, застапувана од Градоначалник Тодорче Николовски, во натамошниот текст - Нарачател
и
**2. Друштво за интелектуални услуги ЕСИ СОЛУШН ДООЕЛ Скопје** со седиште на ул.„Пандил Шишков" бр.1/Б-23 Аеродром, Скопје, ЕМБС 7409133 ЕДБ 4032020544469, жиро сметка 210074091330139, депонент НЛБ Банка, претставувано од Верица Јакимовска во натамошниот текст - Носител на набавката.

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на Договоротза јавна набавка е набавка науслуги за авторско правно застапување (избор на авторска агенција) за потребите на Општина Кратово, по спроведена постапка согласно член 17 став 1 алинеја 2 од Законот за јавни набавки, со објавување на оглас бр.11427/2022 објавен на ден 07.07.2022 година, а по спроведена постапка за јавна набавка завршена со Одлука за избор на најповолна понуда бр.05-1009/9 од 20.07.2022 година.

Договорот за јавна набавка се склучува врз основа на прифатената конечна понуда по е-аукција од ден 18.07.2022 година, поднесена од Носителот на набавката.

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Вкупниот износ на набавката е добиен по пат на спроведена е-аукција и изнесуца вкупно 0,48% (по завршена е-аукција), без пресметан ДДВ.

Цената се однесува на понудениот процент на провизија од износот на бруто надоместокот, согласно авторскиот или друг вид договор. Под бруто износ се подразбира збир на нето авторски надомест и персонален данок.

Економскиот оператор во Образецот на понуда ја внесува цената како % (процент) на висината на провизијата од износот на бруто авторскиот или друг вид надомест за извршена работа.

Во Буџетот на општината за овој вид на набавка се предвидени средства во вкупен износ до 200.000,оо денари, без пресметан ДДВ.

Набавката ќе биде сукцесивна за услуги според потребата на Нарачателот и единствено услугите кои ќе бидат нарачани и набавени ќе бидат платени.

## ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

**Член 3**

Носителот на набавката е должен да ги изврши услугите предмет на договорот сукцесивно по потреба на договорниот орган, согласно законските прописи. По исплатата на средствата од страна на договорниот орган, авторската агенција ќе изврши исплата на авторите во рок не подолг од 3 (три) дена.

Носителот на набавката се обврзува:

- да врши исплата на авторски и други надоместоци по налог на договорниот орган, а во согласност со законите и другите прописи од областа на даноците и од областа на авторското право и целосно да одговара на нивната примена, со тоа што на секој автор и другите лица на кои им се исплаќа надоместок ќе им биде гарантирано дека нивните даночни обврски во смисла на авторските и другите надоместоцинаполно се регулирани, во спротивност се обврзува дека ќе ја надомести сета причинета штета, сторена со пропуштања или неизвршувања на авторската агенција.
- дека со уплатата на бруто износот за исплата на авторски и други надоместоци се платени сите давачки согласно законите, односно дека се платени: нето износот на авторот и другите лица, персоналниот данок, провизијата за услугата на агенцијата, данокот на додадена вредност и евентуалните други давачки согласно позитивните законски прописи;
- да изготвува авторски договори, договори за дело и други договори за потребите на договорниот орган;
- да врши правна квалификација на авторските дела;
- да изготвува фактури за плаќање на авторските и другите надоместоци;
- да води евиденција на авторите и другите лица на кои им се исплаќаат надоместоци и да ги следи вкупните примања од авторски дела и други надоместоци на секој автор и на други лица и да гарантира дека податоците од евиденцијата се во согласност со доставените податоци до Управата за јавни приходи;
- да дава извештаи за извршените исплати на авторските и другите надоместоци по електронски пат;
- да изготвува збирни годишни потврди за исплатен нето надоместок и персонален данок најдоцна до 15 Јануари следната година, заради потполнување и доставување на годишната даночна пријава во Управата за јавни приходи;
- на набавувачот да му дава стручни совети и консултација од областа на авторското право;
- да дава други услуги поврзани со авторско-правното застапување;

**Член 4**

Договорниот орган - нарачател се обврзува да врши исплата на авторски и други надоместоци преку носителот на набавката.

Договорниот орган – нарачателсе обврзува на носителот на набавката да му исплати провизија за извршената услуга.

**Член 5**

Согласно одредбите од овој договор двете договорни страни изрично се согласни дека втората договорна страна Носител на набавка настапува исклучиво и единствено како исплатувач - посредник (по доставено барање согласно постапка и на начин договорен согласно одредбите на овој договор), која исплата ја врши исклучиво во име и за сметка на првата договорна страна Договорен орган.

Овој договор претставува двострано правно дело од кое произлегуваат права и обврски исклучиво и само за лицата кои се страни на овој договор и не остава простор за негово екстензивно толкување во поглед на побарување на трети лица, а кои се или не се во врска со овој договор (inter partes дејство на договорот).

Втората договорна страна Носител на набавка постапува исклучиво и единствено по писмен налог доставен од страна на нејзиниот со - договарач Договорен орган, и однапред се оградува од одговорноста за класифицирање на делото и направената

пресметка како и извршената исплата сторени врз основа на податоците изнесени во писмениот налогна првата договорна страна Договорен орган.

Втората договорна страна - Носителот на набавка не е овластена да ја проверува точноста и веродостојноста на податоците изнесени вописмените налози за постапување од страна на првата договорна страна Носителот на набавка, ниту пак е одговорна за последиците кои потекнуваат од погрешно изнесени податоци во доставените налози за постапување.

## ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

**Член 6**

Носителот на набавката се обврзува дека ќе ги чува како деловна тајна и нема да ги прави достапни на трети лица личните податоци кои потекнуваат од договорниот орган, а со кои застапникот се запознал во текот на извршувањето на договорот.

**Член 7**

Носителот на набавката се обврзува дека личните податоци кои потекнуваат од договорниот орган ќе ги употребува единствено за целта за која се дадени, согласно член 26 и другите законски одредби од Законот за заштита на личните податоци како и за нивното чување ќе применува соодветни технички и организациски мерки за заштита од неовластен пристап до истите.

**Член 8**

Договорните страни се обврзани за време на важноста на овој Договор и по неговото раскинување да ги:

- Чуваат и штитат личните податоци со истиот степен и грижа со кој ги штити своите информации од слична природа;
- Ќе ги користат личните податоци само за оценување и вклучување во заеднички активности согласно горенаведената цел;
- Ќе го ограничи пристапот кон доверливите информации само на своите вработени за кои е потребно истите да ги знаат и ќе ја запознае оваа група на вработени со обврските кои ги презел со овој договор;
- Ќе ги копира, репродуцира или на друг начин ќе пренесува вакви информации само до степенот до кој е тоа потребно (јасно означувајќи ја секоја копија, репродукција или пренос како доверлива) и истите ќе ги дава само на оние лица кои се за тоа овластени;
- Нема да ги дава овие информации на трета страна без претходно писмено одобрение.

**Член 9**

Договорните страни се должни да го чуваат моралниот и материјалниот углед меѓусебно како и да се грижат за неповредување на моралните и материјалните права на авторот/надворешните соработници.

## РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 10**

Начин на плаќање е вирмански по извршувањето на услугата, во рок од 30 (триесет) дена сметано од денот на доставување на фактурата во Архивата на Општина Кратово.

## НАЧИН НА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

**Член 11**

Носителот на набавката е должен во фактурата да ги наведе следните елементи:

- назив на договорниот орган и седиште;
- број и датум на фактурата
- име и презиме на авторите, односно лицата на кои им се исплаќа надоместокот
- опис на услугата и нето износ
- висина на провизијата за извршената услуга
- пресметка на вкупен персонален данок
- пресметка на ДДВ
- бруто износ на фактурата

По приемот на фактурата, Корисникот ја прегледува содржината на истата и со нејзината исплата, значи дека ги потврдил и прифатил како свои податоците и обврските наведени во истата.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ И РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 12**

Договорот се склучува на определено време за период од 12 месеци од денот на склучување на договорот.

**Член 13**

Договорот може да се раскине и пред истекот на времето за кое е склучен по условите предвидени со Законот за облигациони односи.

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине Договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да го соопшти на другата договорна страна без одлагање по писмен пат.

## ЗАВРШНИ РАБОТИ

**Член 14**

Евентуалните измени или дополнувања на овој договор ќе се вршат со Анекс Договор по обострана согласност кој одговара на одредбите на Законот за јавни набавки и Тендерската документација.

**Член 15**

За се што не е регулирано со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и соодветните позитивни законски прописи на Република Северна Македонија.

**Член 16**

Во случај на спор на овој договор одлучува месно и стварно надлежниот суд.

**Член 17**

Овој договор стапува во сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

**Член 18**

Договорот е составен во пет (5) истоветни примерока од кои три (3) за договорниот орган и два (2) за носителот на набавката.

ДОГОВОРНИ СТРАНИ:

**НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА**
ЕСИ СОЛУШН ДООЕЛ Скопје
***Верица Јакимовска***

**НАРАЧАТЕЛ**
**Општина Кратово**
**Градоначалник**
***Тодорче Николовски***